ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-
Бр. 03-198/2
25.01 2022 год.
ПРИЛЕП

ОПШТИНА ПРИЛЕП

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ НА СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2021 ГОДИНА

Јануари, 2022 година

**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

Почитувани,

Согласно член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики, именуваниот Службеник за млади од Општина Прилеп е должен да изготви годишен извештај за реализираните цели, проекти и други активности во институцијата од делокругот на младите и истиот да го достави до Агенција за млади и спорт, заклучно со Јануари 2022 година за претходната 2021 година.

На 17.05.2021 година, со Решение 08-1198/1, како Службеник за млади во ЕЛС Општина Прилеп од страна на Градоначалникот Илија Јованоски беше назначено лицето Влатко Сливоски.

Советот на Општина Прилеп на седница одржана на 27.05.2021 година донесе СТАТУТАРНА ОДЛУКА за изменување на Статутот на Општина Прилеп со што го предвиде Локалниот младински совет како Тело на Општината и го измени Член 55 кој гласи:

„Општина Прилеп, за разгледување прашања и утврдување предлози кои се од делокругот на младински прашања и политики согласно постапка утврдена во закон, може да формира Локален младински совет кој што има советодавна и застапувачка улога во општината.

Локален младински совет е составен од 9 членови.

Членовите на Локален младински совет се избираат согласно постапка утврдена во закон за младинско учество и младински политики.

Мандатот на членовите трае 2 години со можност повторно да бидат избрани.

Членовите-претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите,

- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината,

- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,

- доставуваат информации до општината за прашања кои се однесуваат на младите и

- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со закон."

**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**Хронологија на настани кои се однесуваа на младите и локалните младински политики и за кои Службеникот за млади беше информиран**

1. ***Предмет:*** Барање за помош и поддршка во реализација на планинарски настан – Стани планинар! – Отворен ден на Младинската комисија.
   ***Организатор:*** Федерација за планинарство на Северна Македонија Младинска комисија
   ***Локација:*** с. Плетвар
   ***Датум на настанот:*** 29.05.2021 и 30.05.2021
   ***Забелешка:*** Доставеното барање беше испратено на 26.05.2021 година, Службеникот за млади го прими барањето на 31.05.2021 и поради доцнењето не постапи по предметот.

2. ***Предмет:*** Известување и покана за учество на младински едукативен камп
   ***Организатор:*** Спасителна Служба ЗЛАТОВРВ Прилеп
   ***Локација:*** с. Оревоец
   ***Датум на настанот:*** 11.06.2021, 12.06.2021 и 13.06.2021 година
   ***Забелешка:*** После известувањето и поканата за учество на настанот, Службеникот за млади ја прифати поканата и потврди присуство на настанот, но поради временски неприлики по информација од организаторот настанот се одложи.

3. ***Предмет:*** Јавна дискусија по Нацрт предлогот за измени и дополнувања на Законот за волонтерство и Нацрт Стратегијата за развој на волонтерството 2021-2025.
   ***Организатор:*** Коалиција СЕГА, Младински културен центар - Битола
   ***Локација:*** Хотел Кристал Палас - Прилеп
   ***Датум на настанот:*** 14.06.2021 година
   ***Забелешка:*** На дискусијата беа презентирани предлог измените и дополнувањата на Законот за волонтерство и Нацрт Стратегијата за развој на волонтерството 2021-2025 пред релевантните институции во Општина Прилеп, а активностите се од ROUTE WB6 – Регионална програма за прекугранична размена на волонтери под водство на РИКО, а поддржана со фондови на Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

4. ***Предмет:*** Иницијатива на волонтери и членови на Младински Совет Прилеп за средба со Службеникот за млади во врска со неговата улога во спроведување на Законот за младинско учество и младински политики.
   ***Организатор:*** Младински Совет Прилеп

***Локација:*** Простории на ИНФО СЕГА
***Датум на настанот:*** 15.06.2021 година
***Забелешка:*** Локалната дискусија опфаќаше прашања кои ги адресираат потребите на младите, а беа директно упатени кон Службеникот за млади. Службеникот за млади даде екстензивни одговори за сите прашања, им ги објасни неговите надлежности кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики.

5. ***Предмет:*** Тркалезна маса - „Социо-економска интеграција на ранлива младина"
***Организатор:*** Коалиција СЕГА, СОС Детско село
***Локација:*** Хотел Кристал Палас - Прилеп
***Датум на настанот:*** 12.07.2021 година
***Забелешка:*** На настанот се дискутираше за социо-економската интеграција на ранливата младина и беа презентирани препораките собрани од консултациите што се одржаа со младите за прашања како вработувања и младински политики. Службеникот за млади ги информираше младите за бенефитите од Законот за младинско учество и младински политики и можностите да се формира Локален младински совет во улога на младите на локално ниво.

6. ***Предмет:*** Одговор на Барање на информации од јавен карактер кои се однесуваа на спроведувањето од Законот за младинско учество и младински политики.
***Забелешка:*** Службеникот за млади даде одговор на барателот на информациите од јавен карактер кои се однесуваа на спроведувањето од Законот за младинско учество и младински политики.

7. ***Предмет:*** Презентација на Документ со препораки од младите за подобрување на условите за живеење во Општина Прилеп.
***Организатор:*** Коалиција СЕГА
***Локација:*** Простории на Коалиција СЕГА
***Датум на настанот:*** 06.09.2021 година
***Забелешка:*** Документот со препораки од младите на локално ниво беше презентиран пред политичките партии и донесувачи на одлуки со цел да го креираат нивните програми за претстојните локални избори 2021 година според потребите на младите. На настанот, освен Службеникот за млади, учествуваа и млади од политичките подмладоци и млади инволвирани во изготвување на документот.

8. ***Предмет:*** Онлајн средба во врска со процесот на отворање на младински центри во општините
***Организатор:*** Сојуз за младинска работа
***Локација:*** Онлајн Зум средба
***Датум на настанот:*** 26.11.2021 година

***Забелешка:*** Претставување на сите релевантни документи во кој е регулиран процесот на отворање на младински центри во општините.

9. ***Предмет:*** Јавна дискусија - „Што треба да направиме за младинските центри да бидат реалност"
***Организатор:*** Софија Стојановска – мобилизатор на проектот „Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија"
***Локација:*** Онлајн Зум средба
***Датум на настанот:*** 22.12.2021 година
***Забелешка:*** Споделени искуства со општините кои ја отпочнаа постапката за отворање на младински центри како законска обврска на општините.

Извештајниот период е во услови на Ковид пандемија и во година кога треба да се одржат Локалните избори во 2021 година, и поради тоа, некој од планираните активности беа реализирани онлајн, а дел од активностите беа одложени или нереализирани. На Локалните избори 2021 година е избран Градоначалникот Борче Јовчески до кого се доставени потребните Информации за Законот за младинско учество и младински политики и обврските кои произлегуваат од истиот.

Службеник за млади во
Општина Прилеп
Влатко Сливоски

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп